ПРЕТСТАВНИЦИ:
м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии
Недим Рамизи, заменик министер за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:
Наташа Стојмановска, државен секретар во Министерството за финансии
Сузана Пенева, раководител на Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии во Министерството за финансии

Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КфВ по Договорот за заем за Проектот „Наводнување на јужната долина на реката Вардар – фаза II“

Скопје, август 2009

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бр. _________
од _________
Скопје

До Претседателот на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КфВ по Договорот за заем за Проектот „Наводнување на јужната долина на реката Вардар – фаза II“ што го утврди на седница ________________________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени, м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии и Недим Рамизи, заменик министер за финансии, а за повереници Наташа Стојмановска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, раководител на Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии во Министерството за финансии .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
м-р Никола Груевски

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Проектот „Наводнување на јужната долина на реката Вардар" се реализира од 2002 година, во рамките на билатералната финансиска соработка со Владата на СР Германија.
Реализацијата на овој проект придонесува за решавање на проблемот од недостатокот и несигурното снабдување со вода за наводнување со што се создаваат услови за зголемување на продуктивно земјоделско производство и зголемување на приходите на земјоделците во регионите опфатени со овој проект. Исто така имплементацијата на овој проект многу влијае во насока на зголемување и подобрување на користењето, одржувањето и управувањето со системите за наводнување од страна на водните заедници во овие региони.
Успешната реализација на првата фаза од овој проект и стекнатото искуство во текот на истата овозможуваат проширување на проектот со втора фаза. Проектот „Наводнување на јужната долина на реката Вардар – фаза II" согласно резултатите од претходно изработената Студија за изводливост, ќе опфаќа проширување на земјишна површина за изградба на системи за наводнување во износ од 3.894 хектари на шест локации и тоа: Миравци, Кованци, Негорци, Гевгелија, Грчиште, Паљурци и Валандово.
Втората фаза на проектот цели кон проширување на успешниот концепт за поддршка на рехабилитацијата/ модернизацијата на системите за наводнување преку воведување на технологии за заштеда на вода (капка по капка, прскалки и сл.), врз основа на одржлив технички, социјален и институционален дизајн и со префрлање на идните одговорности за управување и одржување на водните заедници, како идни корисници на проектот.

Како и во првата фаза, предвидено е крајни корисници на овој проект да бидат водните заедници.

Финансиската конструкција за реализација на овој проект предвидува средства од повеќе извори:

1. Заем од СР Германија во износ од 10.250.000 евра, со рок на враќање од 20 години во кои се вклучени 5 години грејс период и фиксна годишна каматна стапка која ќе биде одредена на денот на потпишување на договорите (на 17 јули каматната стапка изнесувала 3% годишно);
2. Донација од СР Германија во износ од 1.000.000 евра за реализација на придружните мерки кои ќе се одвиваат преку техничка помош;
3. Учество на Владата на Р. Македонија во инвестицискиот дел на проектот од 4.500.000 евра;
4. Учество на земјоделците во вкупната инвестиција за набавка на опрема за наводнување од приближно 5.750.000 евра и
5. Учество на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство од околу 200.000 евра за реализација на придружните мерки кои ќе се одвиваат преку техничка помош.

Агенција за имплементација на проектот ќе биде Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ). Во МЗШВ проектот ќе го реализира Управата за водостопанство, во чии рамки ќе продолжи да функционира Проектната единица претходно формирана за имплементација на првата фаза на проектот. Агенцијата за имплементација на проектот ќе ја контролира и координира работата на Проектна единица за имплементација на проектот. По завршување на изградбата, МЗШВ ќе ги пренесе правата и обврските за користење и одржување на изградените системи за наводнување на водните заедници.

Консултантот, кој веќе е ангажиран од Управата за водостопанство, ќе обезбеди значајна поддршка на Проектната единица во имплементација на проектот, како и во

воспоставувањето и функционирањето на водните заедници. Консултантот ќе им помага на водните заедници и индивидуалните земјоделци во: организацијата, деталното планирање, имплементацијата, техничкото и финансиското управување како и во контролата и оценувањето на целокупните проектни активности. Трошоците на услугите на консултантот во износ од околу 1.200.000 евра ќе бидат платени со донација доделена од Владата на СР Германија во износ од 1.000.000 евра и со 200.000 евра обезбедени од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Средствата од заемот во износ од 10.250.000 евра се наменети за инвестициски работи односно за изградба на системи за наводнување во регионите опфатени со овој проект.

Како и во првата фаза, земјоделците ќе имаат сопствено учество во вкупната инвестиција за набавка на опрема за наводнување од приближно 5.750.000 евра.

Средствата наменети за кофинансирање на инвестиционите активности на овој проект, во износ од 4.500.000 евра, ќе бидат обезбедени од Буџетот на МЗШВ.

Заемот ќе се отплаќа со средства кои ќе се прибираат со отплатата на искористените средства од заемот од страна на крајните корисници (водните заедници). Предвидено е да се склучат договори за препозајмување на средствата помеѓу Министерството за финансии, МЗШВ и водните заедници од регионите опфатени во овој проект.

Крајните корисници ќе го отплаќаат заемот под следните финансиски услови: рок на отплата 20 години од кои 5 години грејс период и фиксна годишна каматна стапка од 0,75%. Каматната стапка по која ќе се отплаќа заемот од страна на Република Македонија кон Кредитната банка за обнова (КфВ), ќе биде фиксна годишна каматна стапка која дополнително ќе биде одредена на денот на потпишувањето на договорите. На 17 јули каматната стапка изнесувала 3% годишно.
Согласно Заклучокот од 113-та седница на Владата на Република Македонија одржана на 11.12.2007 година, разликата помеѓу каматата која ќе ја отплаќаат крајните корисници и каматата која ќе ја отплаќа Р. Македонија, ќе биде покриена-субвенционирана до целосната отплата на проектот од страна на буџетот на МЗШВ.

Согласно правилата утврдени од страна на КфВ, процедурите за повлекување на средства зависат од висината на поединечните договори за градежни работи, стоки и услуги.

а) Доколку вредноста на поединечен договор за градежни работи, стоки или услуги е над 350.000 евра, средствата ќе се повлечат согласно процедура за рефундирање при што Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство прво ќе ги подмири обврските кон добавувачите од сопствени средства, а потоа КфВ согласно процедура дефинирана во Договорот за имплементација, ќе го рефундира овој износ на средства кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

б) Доколку вредноста на поединечен договор за градежни работи, стоки или услуги е под 350.000 евра, средствата во транши ќе се повлекуваат на трезорска сметка. МЗШВ од трезорската сметка ќе ги подмирува обврските кон добавувачите и за тоа ќе ја известува КфВ.

Согласно, одржаните преговори меѓу Владата на Република Македонија и КфВ за обезбедување на потребните средства за реализацијата на проектот “Наводнување на јужната долина на реката Вардар – фаза II“, донесена е одлука да се пристапи кон склучување на:

- Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и КфВ;
- Договор за имплементација на проектот, кој ќе се склучи меѓу МЗШВ и КфВ и
- Договор за препозајмување, кој ќе се склучи меѓу Министерството за финансии, МЗШВ и водните заедници од регионите опфатени во овој проект.

Со цел склучување на Договорот за заем, потребно е да се донесе Закон за задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем утврдена во Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија"бр. 62/05 и 88/08).

Оттука, Владата на Република Македонија изготви: Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова – КфВ по Договорот за заем за проектот „Наводнување на јужната долина на реката Вардар – фаза II", кој го доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Проектот „Наводнување на јужната долина на реката Вардар" од 2002 година се реализира во рамките на билатералната финансиска соработка со Владата на СР Германија. Успешната имплементација на втората фаза од овој проект ќе значи продолжување и унапредување на досегашна успешна финансиска и техничка соработка меѓу Република Македонија и СР Германија.
Проектот има важен потенцијал за производство на високо продуктивни култури како овошје и зеленчук кои веќе успешно се одгледуваат во регионите од страна на голем број на земјоделци.
Втората фаза од проектот цели кон проширување на успешниот концепт за поддршка на рехабилитацијата/ модернизацијата на системите за наводнување преку воведување на технологии за заштеда на вода (капка по капка, прскалки и сл.), врз основа на одржлив технички, социјален и институционален дизајн и со префрлање на идните одговорности за управување и одржување на водните заедници, како идни корисници на проектот.
Реализацијата на овој проект придонесува за решавање на проблемот од недостатокот и несигурното снабдување со вода за наводнување со што ќе се создадат услови за зголемување на продуктивното земјоделско производство и зголемување на приходите на земјоделците во регионите опфатени во овој проект.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој предлог на Закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на Проектот „Наводнување на јужната долина на реката Вардар – фаза II".

Оттука, Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и КфВ ќе склучат Договор за заем наменет за реализација на проектот „Наводнување на јужната долина на реката Вардар – фаза II", во износ од 10.250.000 ЕВРА.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Вкупната вредност на Проектот изнесува 21.807.256 ЕВРА, а делумно ќе биде финансиран со заем од КфВ од 10.250.000 ЕВРА.

а) При тоа, условите под кои ќе се задолжи Република Македонија со заем кај КфВ се следните:

1. каматна стапка: фиксна каматна стапка која дополнително ќе биде одредена на денот на потпишување на договорите (на 17 јули каматната стапка изнесувала 3% годишно).
2. грејс период: 5 години,
3. рок на отплата: 20 години.

б) Финансиските услови на подзаемите кои ќе бидат доделувани на водните заедници (корисници на заемот), се следните:

1. каматна стапка: 0,75% фиксна годишна каматна стапка
2. грејс период: 5 години

3. рок на отплата: 20 години

При тоа важно е да се напомене дека Република Македонија, заемот во вкупен износ од 10.250.000 ЕВРА ќе го отплаќа од средствата кои ќе се прибираат со отплататата на препозајмените средства од корисниците на средствата од заемот. Согласно Заклучокот од 113-та седница на Владата на Република Македонија одржана на 11.12.2007 година, разликата меѓу каматната стапка од Договорот за заем и каматната стапка на договорите за подзаеми, ќе биде субвенционирана до целосната отплата на проектот од страна на Буџетот на МЗШВ.
Средствата наменети за кофинансирање на инвестиционите активности финансирани со средства од заемот на Кредитната банка за обнова – КфВ, во износ од 4.500.000 евра, ќе бидат обезбедени од Буџетот на МЗШВ, од каде ќе бидат обезбедени и околу 200.000 евра за консултантски услуги за реализација на придружните мерки.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог закон и во Образецот за фискални импликации даден во прилог на овој материјал.

Предлог на Закон
за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова – КфВ по Договорот за заем за проектот „Наводнување на јужната долина на реката Вардар – фаза II“

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Кредитната банка за обнова – КфВ од Сојузна Република Германија со заем во износ од 10.250.000 ЕВРА, наменет за реализација на проектот „Наводнување на јужната долина на реката Вардар – фаза II“.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за проектот „Наводнување на јужната долина на реката Вардар – фаза II“, кој ќе се склучи помеѓу Република Македонија и Кредитната банка за обнова – КфВ .

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 20 години, со вклучен грејс период од 5 години.

Годишната каматна стапка е фиксна каматна стапка и истата дополнително ќе биде одредена на денот на потпишување на договорите.

Заемот ќе се отплаќа во полугодишни рати кои достасуваат за плаќање на 30 јуни и 30 декември секоја година, започнувајќи од 30 декември 2014 година, а завршувајќи на 30 декември 2029 година.

Член 4

Пред првото повлекување на средства од заемот се плаќа еднократна провизија на Кредитната банка за обнова – КфВ, во износ од 0,5% од износот на заемот.

На износот на неповлечените средства од заемот на годишно ниво се плаќа провизија на Кредитната банка за обнова – КфВ, во износ од 0,25% од износот на заемот.

Провизијата од ставот 2 од овој член се плаќа полугодишно и тоа на 30 јуни и 30 декември секоја година.

На обврските поврзани со заемот кои нема да се платат во предвидените рокови, ќе се плаќа казнена камата или надомест, во висина на базичната каматна стапка на Централната банка на СР Германија, зголемена за 3% годишно.

Во случај на ненавремено или нецелосно повлекување на средствата од заемот до предвидениот рок, ќе се плати определен износ на средства како надомест на трошоците на Кредитната банка за обнова – КфВ, согласно договорот од член 2 на овој закон.

Член 5

Корисници на средствата од заемот од член 1 на овој закон се водните заедници.

Член 6

За регулирање на правата и обврските помеѓу Република Македонија и корисниците на средствата на заемот од член 5 од овој закон, Министерството за финансии ќе склучи посебни договори со крајните корисници и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 7

Корисниците на средствата од заемот од член 5 од овој закон, ќе го отплаќаат заемот со рок на отплата од 20 години со вклучен грејс период од 5 години и 0.75% фиксна годишна каматна стапка.

Член 8

Разликата во каматната стапка од член 3 и каматната стапка од член 7 од овој закон, до целосната отплата на заемот кон Кредитната банка за обнова – КфВ, ќе биде субвенционирана од страна на Буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 9

Република Македонија, заемот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од средствата кои ќе се прибираат со отплатата на позајмените средства од корисниците на средствата од заемот од член 5 на овој закон, согласно посебните договори за заем од член 6 од овој закон и од Буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 10

Овој закон влегува во сила со наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Средствата предвидени за реализација на овој проект, изнесуваат 21.807.256 ЕВРА од кои 10.250.000 ЕВРА и ќе бидат финансирани со заем од страна на Кредитната банка за обнова – КфВ. За таа цел, Република Македонија ќе склучи Договор за заем со КфВ. За регулирање на обврските кои ќе произлезат од препозајмувањето на средствата од заемот, Министерството за финансии ќе склучува посебни договори за препозајмување со секоја водна заедница како корисник на средствата од заемот и МЗШВ.

Со цел склучување на Договорот за заем, потребно е да се донесе Законот за задолжување согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем утврдена во Законот за јавен долг (“Службен весник на Република Македонија“бр. 62/05 и 88/08).

Заемот во износ од 10.250.000 ЕВРА ќе и биде доделен на Република Македонија, додека водните заедници, учесници во проектот, се корисници на средствата од заемот. Заемот ќе се отплаќа со средства кои ќе се прибираат со отплатата на препозајмените средствата од страна на корисниците на заемот и од Буџетот на МЗШВ.

Крајните корисници ќе го отплаќаат заемот под следните финансиски услови: рок на отплата 20 години од кои 5 години грејс период и 0.75% фиксна годишна камата.
Каматната стапка по која ќе се отплаќа заемот од страна на Република Македонија ќе биде фиксна годишна каматна стапка која дополнително ќе биде одредена на денот на потпишувањето на договорите. На 17 јули каматната стапка изнесувала 3% годишно.
Согласно Заклучокот од 113-та седница на Владата на Република Македонија одржана на 11.12.2007 година, разликата помеѓу каматата која ќе ја отплаќаат крајните корисници и каматата која ќе ја отплаќа Р. Македонија, ќе биде покриена - субвенционирана до целосната отплата на проектот од страна на Буџетот на МЗШВ.

Рокот на отплата на заемот изнесува 20 години, со вклучен грејс период од 5 години. Отплата на заемот ќе се врши на 31 полугодишен ануитет, на секој 30-ти јуни и 30-ти декември, во периодот од 30 декември 2014 година до 30 декември 2029 година.

Пред првото повлекување на средства од заемот ќе се плати еднократна провизија на КфВ во износ од 0,5% од износот на на заемот.

На износот на неповлечените средства од заемот на годишно ниво ќе се пресметува провизија на КфВ во износ од 0,25% од износот на заемот.

Провизијата ќе се плаќа полугодишно и тоа на 30 јуни и 30 декември секоја година.

На обврските поврзани со заемот кои ќе се платат порано од предвидените рокови за отплата, ќе се плаќа казнена камата или надомест, во висина на базичната каматна стапка на Централната банка на СР Германија, зголемена за 3% годишно.

Во случај на нецелосно повлекување на средствата од заемот до предвидениот рок ќе се плати определен износ на средства како надомест на трошоци на Кредитната банка за обнова – КфВ, во висина утврдена во Договорот за заем.

Поради итноста на потребата за склучување на Договорот за заем со цел обезбедување на средства и отпочнувањето на Проектот “Наводнување на јужната долина на реката Вардар фаза II“, овој закон треба да влезе во сила со наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Проектот „Наводнување на јужната долина на реката Вардар“ од 2002 година се реализира во рамките на билатералната финансиска соработка со Владата на СР Германија. Успешната имплементација на втората фаза од овој проект ќе значи продолжување и унапредување на досегашна успешна финансиска и техничка соработка меѓу Република Македонија и СР Германија.
Реализацијата на овој проект придонесува за решавање на проблемот од недостатокот и несигурното снабдување со вода за наводнување со што ќе се создадат услови за зголемување на продуктивното земјоделско производство и зголемување на приходите на земјоделците во регионите опфатени со овој проект.

Вкупната вредност на заемот од КфВ изнесува 10.250.000 ЕВРА.

а) При тоа, условите под кои ќе се задолжи Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КфВ се следните:

1. каматна стапка: фиксна каматна стапка која дополнително ќе биде утврдена на денот на потпишување на договорите (на 17 јули каматната стапка изнесувала 3% годишно).
2. грејс период: 5 години
3. рок на отплата: 20 години

б) Финансиските услови на подзаемите кои ќе бидат доделувани на водните заедници (корисници на заемот), се следните:

1. каматна стапка: 0,75% годишна каматна стапка
2. грејс период: 5 години
3. рок на отплата: 20 години

При тоа важно е да се напомене дека Република Македонија, заемот ќе го отплаќа од средствата кои ќе се прибираат со отплатата на препозајмените средства од корисниците на заемот во вкупен износ од 10.250.000 ЕВРА. Согласно Заклучокот од 113-та седница на Владата на Република Македонија одржана на 11.12.2007 година, разликата меѓу каматната стапка од Договорот за заем и каматната стапка од договорите за подзаеми ќе биде субвенционирана до целосната отплата на проектот од страна на Буџетот на МЗШВ.
Средствата наменети за кофинансирање на инвестиционите активности финансирани со средства од заемот на КфВ, во износ од 4.500.000 евра, ќе бидат обезбедени од Буџетот на МЗШВ, од каде ќе бидат обезбедени и околу 200.000 евра за консултантски услуги за реализација на придружните мерки.

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ

<table>
<tr><td colspan="2">Назив на предлогот:<br>Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова по Договорот за заем за проектот “Наводнување на јужната долина на реката Вардар фаза II“</td><td colspan="3">Министерство / орган на државна управа :<br>Министерство за финансии</td></tr>
<tr><td colspan="2">Цел на предлогот:<br>Обезбедување на средства за финансирање на проектот “Наводнување на јужната долина на реката Вардар фаза II“</td><td colspan="3">Вид на предлог:<br>Предлог на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова по Договорот за заем за проектот “Наводнување на јужната долина на реката Вардар фаза II“</td></tr>
<tr><td colspan="2">Контакт лице и звање:<br>г-ѓа Сузана Пенева, раководител на Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии</td><td colspan="3">Контакт тел./факс или е-пошта:<br>тел: 3106 454<br>suzana.stoimceva@finance.gov.mk</td></tr>
<tr><td colspan="5">Активност:</td></tr>
<tr><td colspan="5">Вид на барање: ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br>( ) Друга нова регулатива<br>( X ) Нова програма<br>( ) Зголемување / намалување на постоечка програма<br>( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми</td></tr>
<tr><td colspan="5">Цел на барањето / предложената активност:<br>Проектот “Наводнување на јужната долина на реката Вардар“ од 2002 година се реализира во рамките на билатералната финансиска соработка со Владата на СР Германија. Успешната имплементација на втората фаза од овој проект ќе значи продолжување и унапредување на досегашна успешна финансиска и техничка соработка меѓу Република Македонија и СР Германија.<br>Реализацијата на овој проект придонесува за решавање на проблемот од недостатокот и несигурното снабдување со вода за наводнување со што ќе се создадат услови за зголемување на продуктивното земјоделско производство и зголемување на приходите на земјоделците во регионите опфатени со овој проект.</td></tr>
<tr><td colspan="5">Врска со владината програма:<br>Предлогот на Законот е во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија 2006 - 2010 година.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Фискални импликации:<br><br>А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно</td><td colspan="4">(во илјади денари)</td></tr>
<tr><td>2009</td><td>2010</td><td>2011</td><td>2012</td></tr>
<tr><td>0</td><td>91.965</td><td>91.965</td><td>91.965</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (А–Б)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Г. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Д. Нето имликации на средствата на органот (В–Г)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Ѓ. Зголемување / намалување на приходите | | | | |
| Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор:<br>Заем од Кредитната банка за обнова – КфВ во износ од 10.250.000 евра | 0 | 208.454 | 208.454 | 211.520 |
| 12. Нето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Е) | | | | |

| | |
|---|---|
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | |
| 15. Дата на завршување на проценката | 31.07.2009 |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | 31.07.2009 |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | 31.07.2009 |
| 18.Измени побарани од Министерството за финансии: | |
| 19.Одговор на министерството-предлагач: | |
| 20.Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21.Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |

22.Одобрено/ Дата:

| ___________________ | __________ | ______________ | ______________ |
|---|---|---|---|
| потпис на државен секретар или директор на орган | ден / месец / год. | потпис на министер | ден / месец / год |

Подготвил: Ленче Божиноска
Согласен: Андрија Алексоски/Кристина Павловска
Одобрил: Сузана Пенева

Иницијална проценка на влијание на регулативата

Чекор 1: Опис на политичкиот контекст на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

Политички контекст на проблемите

Опис на целите што ќе се остварат со донесување на законот

Проектот "Наводнување на јужната долина на реката Вардар" од 2002 година се реализира во рамките на билатералната финансиска соработка со Владата на СР Германија. Успешната имплементација на втората фаза од овој проект ќе значи продолжување и унапредување на досегашна успешна финансиска и техничка соработка меѓу Република Македонија и СР Германија.
Втората фаза од овој проект опфаќа проширувањето на успешниот концепт за поддршка на рехабилитацијата / модернизацијата на системите за наводнување преку воведување на технологии за заштеда на вода (капка по капка, прскалки и сл.), врз основа на одржлив технички, социјален и институционален дизајн и со префрлање на идните одговорности за управување и одржување на водните заедници, како идни корисници на проектот.
Реализацијата на овој проект придонесува за решавање на проблемот од недостатокот и несигурното снабдување со вода за наводнување со што ќе се создадат услови за зголемување на продуктивното земјоделско производство и зголемување на приходите на земјоделците во регионите опфатени со овој проект.

Идентификација на можни решенија (опции)

Донесување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КфВ по Договорот за заем по проектот "Наводнување на јужната долина на реката Вардар фаза II", со цел пристапување кон потпишување на Договорот за заем и отпочнување со имплементација на предвидените активности.

Оценка на ефектите од постигнатите резултати

Со донесувањето на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КфВ по Договорот за заем по проектот "Наводнување на јужната долина на реката Вардар фаза II", ќе се овозможи решавање на проблемот од недостатокот и несигурното снабдување со вода за наводнување со што ќе се создадат услови за зголемување на продуктивното земјоделско производство и зголемување на приходите на земјоделците во регионите опфатени со овој проект.

Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија

Предложено решение (опција): Донесување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КфВ по Договорот за заем по проектот "Наводнување на јужната долина на реката Вардар фаза II".

Опис: Износот на заемот е 10.250.000 ЕВРА кои се предвидени да се повлечат во период од 3 години од потпишувањето на Договорот за заем по проектот "Наводнување на јужната долина на реката Вардар фаза II".

Трошоци и фискални импликации

| | (Во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| Фискални импликации | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
| А) Вкупни трошоци за предложеното решение (опција)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 91.965 | 91.965 | 91.965 |
| Б) Одобрени средства за предложеното решение (опција)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| В) Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Г) Расположливи средства од прелевање (од<br>други активности или програми во министерството)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Д) Нето импликации на средствата на министерството (В-Г)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Ѓ) Зголемување / намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Е) Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Заем од Кредитната банка за обнова - КфВ | 0 | 208.454 | 208.454 | 211.520 |

| | (Во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| Преглед на трошоци | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
| Иницијални трошоци за министерството | | | | |
| Иницијални трошоци за трети страни (повлекувања на средства од заемот) | 0 | 208.454 | 208.454 | 211.520 |
| Трошоци на деловните субјекти за човечки ресурси | | | | |
| Останати трошоци на деловните субјекти | | | | |
| Трошоци на потрошувачите | | | | |

Придобивки

| Годишни финансиски придобивки | (Во илјади денари) |
|---|---|
| А) Еднократни (на почетокот при донесувањето на решението) | 61.310 |
| Б) Просечни годишни придобивки (без еднократните) | 628.428 |
| Вкупен финансиски износ на придобивките (А+Б) | 698.738 |

Опис и опсег на клучните финансиски придобивки за „клучните засегнати страни“

Во рамките на вкупните финансиски придобивки кои на годишно ниво се предвидува да изнесуваат 698.738.000 денари кои се наменети за проширување на земјишна површина за изградба на системи за наводнување, во износ од 3.894 хектари, притоа опфатени се шест локации  и тоа : Миравци, Ковански, Негорци, Гевгелија, Грчиште, Паљурци и Валандово.

Други клучни нефинансиски придобивки за „клучните засегнати страни“

Една од најважните нефинансиски придобивки е  решавање на проблемот од недостатокот и несигурното снабдување со вода за наводнување.

Ризици и претпоставки

Ризик од ненавремена отплата на заемот.

Останати влијанија

| Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата | Резултати приложени во материјалот | Резултати приложени во прилог |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

Резиме на трошоци, придобивки и влијанија за оваа опција

Средствата од заемот во износ од 10.250.000 ЕВРА се наменети за проширување на земјишната површина за изградба на системи за наводнување, во износ од 3.894 хектари, со опфаќање на шест локации и тоа: Миравци, Кованци, Негорци, Гевгелија, Грчиште, Паљурци и Валандово.
Имплементацијата на овој проект многу ќе влијае во насока на зголемување и подобрување на користењето, одржувањето и управувањето на водните заедници со системите за наводнување во овие региони.

Чекор 3: Консултации

Во текот на подготовката на проектот извршени се консултации со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Чекор 4: Спроведување на предложеното решение и негово правно усогласување

Овој проект ќе се спроведува преку меѓусебна координација на:

а. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како Агенција за имплементација на проектот.

б. Управата за водостопанство во чии рамки, ќе продолжи да функционира Проектната единица претходно формирана за имплементација на првата фаза на проектот.

в. Водните заедници како крајни корисници на овој проект кои ќе се грижат за користење, одржување и управување на изградените системи за наводнување.

Чекор 5: Проверка / рецензија на решението-Нема

Резиме на иницијалната
проценка на влијание на регулативата

| | | | |
|---|---|---|---|
| Министерство: | Министерство за финансии | | |
| Лице за контакт: | м-р Зоран Ставрески | | |
| Наслов на предлогот за донесување на закон: | Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КфВ по Договорот за заем по проектот “Наводнување на јужната долина на реката Вардар фаза II“ | | |
| Верзија: | | Датум: | |
| Поврзани материјали / документи: | Договор за грант, Договор за заем и Договор за имплементација на проектот | | |

1. Предлог текст за заклучок на Владата на Република Македонија:

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КфВ по Договорот за заем по проектот “Наводнување на јужната долина на реката Вардар фаза II“ и го утврди со заклучок текстот на Законот да се достави до Собранието на Република Македонија согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии и Недим Рамизи, заменик министер за финансии.

2. Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на предлогот за донесување на закон и негово усогласување:

Ленче Божиноска, Помлад соработник, Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии, Министерство за финансии и м-р Андрија Алексоски, Помошник раководител на Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии, Министерство за финансии

3. Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлогот за донесување на закон во Собранието на Република Македонија:

Наташа Стојмановска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, раководител на Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии во Министерството за финансии

4. Текстот на предлогот за донесување на закон и проценката на влијанија на регулативата смее да се објави во Единствениот електронски регистар на прописи: ДА

5. Објаснување на причините доколку се бара донесување на законот по итна постапка:

IV. Краток осврт на предложениот материјал: Нема затоа што текстот на Предлогот на законот не е подолг од 5 страници.

V. Резиме на можни решенија/опции и нивни клучни влијанија:

| | Опција 1 | Опција 2 | Опција 3 |
|---|---|---|---|
| Трошоци<br>6. Фискални импликации<br>7. Други трошоци | | | |
| Придобивки | | | |
| Останати влијанија | | | |

Изјава од министерот
за иницијалната проценка на влијание на регулативата

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлогот за донесување на закон

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.1 | | Има влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 30.000.000 денари во тековната и 100.000.000 денари во наредните 3 години. |
| | | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| | | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| | | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| | | Нема влијание | врз животната средина. |
| | | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | НЕ |
| | | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | НЕ |
| | | Предлогот за донесување на закон е лекториран. | НЕ |
| 10. | | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | | Дали предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | | Доколку предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, Зоран Ставрески, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:
.......................................................................... Датум:

Подготвил: Ленче Божиноска
Согласен: Андрија Алексоски / Кристина Павловска
Одобрил: Сузана Пенева